Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-169/16
15-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 169/15 од 09.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### за неповедување постапка

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08 - 169/15 од 09.05.2023 година, поднесена од поднесена од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На 09.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок од [redacted] од Скопје, насловен како "Одговор на Мислење бр. 08 – 169/14 од 02.05.2023 година по Претставка бр. 08 – 169/1 од 13.02.2023 година", кој по својата содржина ги содржи сите елементи на претставка за заштита од дискриминација, пропишани во чл. 24, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во поднесокот подносителот бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, повторно да постапува по претставка бр. 08 - 169/1 од 13.02.2023 година, односно да ја преиспита донесената одлука. Цитираната претставка подносителот ја поднел против АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи. Комисијата одлучувајќи по таа претставка, на 28.04.2023 година донесе мислење бр. 08 - 169/14, со кое не се утврдува дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted] кон [redacted]